Project1111_Layout 1 10/13/2016 9:13 PM Page 1

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

135 години од раѓањето на Пабло Пикасо

# Picasso можеби јас

EMBAJADA DE ESPAÑA EN SKOPJE
cooperación española

Ана Мартиноска

## Чуд(ес)на синтеза (Кон изложбата „Пикасо, можеби јас?“ од Филип Фидановски, 25 октомври 2016, МГС, Скопје)

*Good artists copy, great artists steal. Pablo Picasso*

Пикасо? Можеби Фидановски? Доминантно првиот, вториот или можеби двајцата подеднакво видливи? Или ниту едниот, ниту другиот, туку некоја чуд(ес)на синтеза? Сериозни (идентитетски) дилеми провоцираат уште од самиот наслов на изложбата. Кога ќе ги погледнете делата, прашањата продолжуваат да се нижат: Во колкава мера го има Пикасо во овие скулптури, а колку самиот Фидановски? Дали е во прашање само инспирација, фасцинација, посвета или нешто сосема различно? Можеби обид за имитација или форма на пастиш[1] придружена со добра маркетиншка тактика? Каква е врската меѓу двајцата уметници генерално и што ги поврзува во конкретниов случај? Која е идејата/емоцијата која се крие зад овие дела? Како е направена селекцијата на дела од Пикасо кои се вкомпонирани во нови форми? До каде е алузијата, а каде инвенцијата?

Одгатнувањето на овие и бројни други прашања кои оваа изложба на Филип Фидановски ги отвора пред скопската публика, најпрвин нè води кон извесно неопходно потсетување дека уметноста често знае(ла) да биде инспирирана од друга уметност. Иако денес тоа најчесто го толкуваме како постмодерна постапка, всушност референците, цитатите, колажите, омажите, па дури и иронијата, цинизмот и пародиите на познати уметнички дела отсекогаш биле дел од историјата на уметноста. И ренесансните сликари и оддаваа почит на античката уметност, и дадистите се потсмеваа со сé создадено пред нив. Веројатно е доволно само да потсетиме на Дишан и неговото поигрување со култната „Мона Лиза“ и на Енди Ворхол и неговите поп-арт пародии на исто така Де Винчиевиот мурал „Последната вечера“ или пак на инспиративните творечки релации на Моне-Мане, Миро-Бош, Лихтенштајн-Ван Гог и многу други големи уметници.

Во овој контекст, и самиот Пикасо, уште за време на својот живот, но и до ден денешен, бил и останал инспиративен за другите уметници од различни жанри, простори и времиња. Некои визуелни уметници се под влијание на неговиот кубизам, други се инспирираат од неговите неспоредливи варијации во стилот, трети од експериментите кои ги прави во сите аспекти од неговото сликарство, скулптура и графика. Не се малкумина ни уметниците кои и самите јавно го признаваат силното влијание на Пикасо во своите дела како Дејвид Хокни, Рој Лихтенштајн и Џексон Полок да наброиме само неколкумина[2].

На вакивте уметнички врски и влијанија посветени им се цели галерии[3] и бројни изложби, меѓу последните и големата изложба насловена како „Пикасоманиа“, а поставена во Гран Пале (Grand Palais) во Париз минатата година[4]. Таа ги собрала на едно место различните генерации и видови на уметници кои го откриле делото на Пикасо и го интерпретирале на свој начин, во сликарството, скулптурата, па сé до филмот и адвертајзингот. Тука можеле да се видат делата на имиња од Енди Ворхол и Дејвид Хокни до новите ѕвезди како Јан Пеи-Минг и Маурицио Кателан. Или да го парафразираме помошникот директор на центарот Помпиду Дидие Отингер речиси секој уметнички тренд што се појавил по Пикасовата смрт е под влијание на неговата генијалност.[5]

„Допрен од генијот“ е и нашиот Филип Фидановски, кој со своите последни дела посветени на јубилејот 135 години од раѓањето на Пабло Пикасо се вклопува во оваа импресивна низа на големи уметници за кои Пикасо бил, е и ќе биде (и повеќе од) инспирација. Во однос на 13-те скулптури од оваа изложба, веднаш сакаме да истакнеме дека керамиката на Фидановски не ја следи керамичката традиција на Пикасо. Или барем не очигледно! Ако треба да се бараат некакви сличности, можеби треба да ги погледнеме Пикасовите „Глава на жена“ (Head of a woman, 1948-49, Picasso, 1998: 101).

Сепак, забележливо е дека кај Фидановски нема идентични, па дури ни слични мотиви и сцени како во Пикасовиот керамичарски опус, нема ниту кубистички елементи, ниту пак ги користи неговите технички решенија. Иако несомнено темелно упатен во керамичарскиот дел од опусот на Пикасо, кој патем речено е веројатно неправедно запоставуван[6], и иако страсно го споделува Пикасовиот продлабочен интерес и посветеност кон овој медиум, Фидановски не прави директна алузија на неговите скулптури, туку повеќе е свртен кон неговите слики, чии фрагменти директно ги пренесува во својот материјал – каменина со прозирна глазура, обоена со рачно правени бои по традиционален рецепт од глина и пигмент, водејќи особено внимание секоја боја да биде тонски усогласена со боите од оригиналните прикази на Пикасовите дела. Притоа тие фрагменти аплицирани на глазираната керамика имаат тродимензионална форма на главата на самиот уметник, видлива уште поочигледно од другата (задна) страна на скулптурата, карактеристична по јаките и контрастни колоритни решенија. На тој начин имагинативното поигрување со ликовите од Пикасовите слики неконвенционално се испреплетува со едно авторефлексивно согледување за себеси и сопствената уметност.

Мајсторски владеејќи го процесот на печење на глината и особено можното менување на боите, Фидановски создава фигури кои се цитатни, но истовремено и сосема уникатни во изработката на својот двостран концепт. Воден од личниот вкус при изборот на Пикасовите портрети како свои модели, уметникот креира редок спој на двата навидум далечни (уметнички) светови во еден, чиј краен ефект се скулптурите кои сведочат за извонредната комуникација меѓу авторот и неговиот славен претходник, за нивните блиски сензибилитети и длабока артистичка, мисловна и чувствена поврзаност. Формата на секоја од тие скулптури со својата двојна природа, како и симболиката на сопствената глава задскриена зад женските портрети на Пикасо резултираат во врвно изработени, стилски препознатливи и естетски допадливи скулптури, кои упатуваат на навистина комплексен творечки однос на Филип Фидановски кон Пабло Пикасо, без сомнение, еден од најбрилијантните и највлијателните уметници на сите времиња.

[1] Пастиш е уметничко дело кое, целосно или делумно, се состои од мотиви или техники преземени од други извори; http://www.dictionary.com/browse/pastiche

[2] http://www.artrepublic.com/articles/323-picassos-influence-on-other-artists.html/

[3] http://www.saatchiart.com/art-collection/Painting-Collage-Drawing/Inspired-by-Picasso/153961/23235/view
http://www.cbsnews.com/news/picassos-influence-on-american-artists/

[4] Повеќе види на https://www.theguardian.com/artanddesign/2015/oct/07/paris-exhibition-influence-of-pablo-picasso-mania

[5] "Almost every art trend that has appeared since his death in 1973 at 91 has been touched by a stroke of Picasso's genius“; http://www.wsj.com/articles/picasso-mania-highlights-the-artists-enduring-impact-1443628883

[6] Како што заклучува и директорот на Метрополитен музејот Филип де Монтебело (Philip de Montebello) „Пикасо е, без сомнение, најтемелно документираниот уметник на нашето време. Изненадувачки, сепак, неговата значајна продукција како скулптор и сликар во глина не се опфатени во ниедна голема изложба или публикација. Овој значителен опус се состои од неколку илјадници уникатни парчиња ...“ (Picasso, *Painter and Scultor in Clay*, Edited by Marilyn McCully, Harry N. Abrams, Inc., Publishers, New York, 1998: 9). Од тие причини тие организираат изложба во 1999 каде изложуваат 175 дотогаш неизложувани дела, со кои се фрла една нова светлина на неговото дело во целина и посебно на неговите среќни и радосни мигови на Медитеранот. Имено, од неговата прва посета на керамичарската работилница во познатото студио Мадура (Madoura) во Валаурис (Vallauris) во јужна Франција во 1946, па во наредните 18 години, Пикасо работел керамика – садови и вазни, измислувал нови форми и иновативни скулптури, со сцени на танчери, љубовници, акти, но и зооморфни сцени со птици, риби и други животни.



**ЖЕНА 4**, керамика – енгоба/глазура 2015, 28,5 x16,5 x 36 см
**WOMAN 4**, Ceramics – engobe/glaze, 2015, 28.5 x 16.5 x 36 cm

Project1111_Layout 1 10/13/2016 9:13 PM Page 2

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

135 Years Since the Birth of Pablo Picasso

Picasso MAYBE

EMBAJADA DE ESPAÑA EN SKOPJE

cooperación española

Ana Martinoska

# A Strange and Wonderful Synthesis (On Filip Fidanovski's exhibition *Picasso; Maybe I...* October 25, 2016, Museum of the City of Skopje, Skopje)

*Good artists copy, great artists steal. Pablo Picasso*

Picasso? Fidanovski, perhaps? Is it chiefly the former, or is it the latter, or are they both perhaps equally conspicuous? Or is it neither the former nor the latter, but rather some strange and wonderful synthesis? Serious provocative (identity) dilemmas arise already from the exhibition's very title. When you look at the works, questions continue to arise one after another: How much of Picasso is there in these sculptures and how much of Fidanovski himself? Is it merely a matter of inspiration, of fascination, of dedication or is it something entirely different? Perhaps it is an attempt at imitation, or is it a form of pastiche[1], backed by good PR tactics? What is the nature of the connection between the two artists in general and what is it that connects the two in this particular case? What is the idea/emotion behind these works? How was the selection made as to which of Picasso's works were to be blended into new shapes? Where are the boundaries of allusion and wherein lies invention?

The search for answers to these and many other questions that this exhibition by Filip Fidanovski raises with the Skopje audience first takes us to the essential reminder that art is known to have often been inspired by other art. Though we nowadays interpret this as a post-modernist process, references, quotes, collages, tributes, and even ironies, cynical takes and parodies on famous artworks have, in fact, always been parts of the history of art. Renaissance painters too paid tribute to ancient art, and the Dadaists mocked everything that had been produced before them. Suffice it to remind the readers of Duchamp's toying with the cult of *Mona Lisa*, and of Andy Warhol with his pop-art parodies on da Vinci's mural *The Last Supper*, or even of the inspirational creative connections in such pairs as Monet and Manet, Miró and Bosch, Lichtenstein and van Gogh, and many other great artists.

In this vein, Picasso himself, already during his lifetime, but also to this day, was and remains an inspiration to other artists working in various genres, places and times. Some visual artists have been influenced by his cubism, others have found inspiration in his matchless variations of style, yet others in the experiments he made in every aspect of his painting, sculpture art, and printmaking. Not a few artists have themselves publicly acknowledged the strong influence that Picasso had on their work, such as David Hockney, Roy Lichtenstein and Jackson Pollock, to name but a few.[2]

Entire galleries[3] and countless exhibitions have been dedicated to such art connections, one of the most recent being last year's great exhibition entitled *Picasso.Mania* at the Grand Palais in Paris.[4] It brought together the various generations of artists who had discovered and interpreted Picasso's work in their own ways, from painting and sculpture to film and advertising. One could see works by such names as Andy Warhol and David Hockney, or by such new stars as Yan Pei-Ming and Maurizio Cattelan. Or, to quote Didier Ottinger, assistant director of Centre Pompidou, almost every art trend that has appeared since his death has been touched by a stroke of Picasso's genius.[5]

"Touched by the genius" is what our Filip Fidanovski is, whose latest works dedicated to the $135^{th}$ anniversary of Pablo Picasso's birth align him with this impressive lineage of great artists to whom Picasso was, is and will be (more than) an inspiration. As to the thirteen sculptures from this exhibition, let us underline at the very outset that Fidanovski's ceramics does not follow Picasso's ceramics tradition. That is to say, at least not obviously! If we are to look for any likeness, perhaps we should look at Picasso's *Head of a Woman* (Head of a Woman, 1948-49, Picasso, 1998: 101).

Indeed, it is evident that there are no identical, or, for that matter, even similar motifs or scenes in Fidanovski's works with those in Picasso's ceramics opus, nor are there cubist elements, nor does he use his technical devices. Although undoubtedly profoundly familiar with the ceramics part of Picasso's opus, which has, by the way, been perhaps unjustly neglected[6], and although he passionately shares Picasso's keen interest in and dedication to this medium, Fidanovski, nevertheless, does not allude directly to his sculptures, but rather turns to his paintings, whose fragments he directly transposes onto his own material – stoneware with translucent glazing, painted with handmade colours based on a traditional recipe involving clay and pigments, ensuring, in particular, that every colour's hue matches that of the original depictions in Picasso's works. The fragments applied on the glazed ceramics have the three-dimensional shape of the head of the artist himself, which is more obvious on the sculpture's other (back) side, characterised by the bright and contrasting colour solutions. Thereby the imaginative play with the characters from Picasso's paintings unconventionally intertwines with a self-reflecting view of himself and his own art.

Through his mastery of the process of firing clay, and particularly his knowledge of how colours may change, Fidanovski makes figures that are referential, but at the same time entirely unique in terms of their two-sided concept. Guided by his own taste in the choice of Picasso's portraits as his models, the artist creates a rare amalgamation of the two seemingly distant (artistic) worlds into a single one, whose final outcome are sculptures that testify to the extraordinary communication between the author and his famous predecessor, to their kindred sensibilities and profound artistic, contemplative and emotional connectedness. Each shape, with its double nature, as well as the symbolism of his own head concealed behind Picasso's female portraits result in superbly crafted, stylistically recognisable and aesthetically pleasing sculptures, suggestive of Filip Fidanovski's truly complex creative approach to Pablo Picasso, undoubtedly one of the most brilliant and influential artists of all time.

[1] Pastiche is an artistic piece consisting wholly or chiefly of motifs or techniques borrowed from one or more sources; http://www.dictionary.com/browse/pastiche

[2] http://www.artrepublic.com/articles/323-picassos-influence-on-other-artists.html/

[3] http://www.saatchiart.com/art-collection/Painting-Collage-Drawing/Inspired-by-Picasso/153961/23235/view

http://www.cbsnews.com/news/picassos-influence-on-american-artists/

[4] For more see https://www.theguardian.com/artanddesign/2015/oct/07/paris-exhibition-influence-of-pablo-picasso-mania

[5] "Almost every art trend that has appeared since his death in 1973 at 91 has been touched by a stroke of Picasso's genius"; http://www.wsj.com/articles/picasso-mania-highlights-the-artists-enduring-impact-1443628883

[6] As the director of the Metropolitan Museum of Art, Philippe de Montebello, concludes "Picasso is, undoubtedly, the most documented artist of our time. Surprisingly, however, his prolific production as a sculptor and painter in clay has not been significantly surveyed in exhibition or publication. This considerable oeuvre consists of several thousand unique pieces... "(Picasso, *Painter and Scultor in Clay*, Edited by Marilyn McCully, Harry N. Abrams, Inc., Publishers, New York, 1998: 9). For these reasons, they organised an exhibition in 1999, showing 175 never before exhibited works, casting new light on his entire work, and particularly on his happy and joyous moments in the Mediterranean. Namely, for eighteen years after his first 1946 visit to the ceramics workshop at the famous Madoura studio in Vallauris in south France, Picasso made ceramics, vessels and vases, developed new forms and produced innovative sculptures, with scenes of dancers, lovers, nudes, as well as zoomorphic scenes with birds, fish and other animals.



**ДЕВОЈКА**, керамика – енгоба/глазура 2016, 28 x 41 x 18 см
**GIRL**, Ceramics – engobe/glaze, 2016, 28 x 41 x 18 cm

Project1111_Layout 1 10/13/2016 9:13 PM Page 3



**ЖЕНА 1**
керамика – енгоба/глазура
2015, 40 x16 x 36.5 см

**WOMAN 1**
Ceramics – engobe/glaze
2015, 40 x 16 x 36.5 cm



**ЖЕНА 2**
керамика – енгоба/глазура
2015, 40 x16 x 36.5 см

**WOMAN 2**
Ceramics – engobe/glaze
2015, 40 x 16 x 36.5 cm



**ЖЕНА РИБА**
керамика – енгоба/глазура
2016, 29 x 9 x 44.5 см

**FISH WOMAN**
Ceramics – engobe/glaze
2016, 29 x 9 x 44.5 cm



**ЖЕНА 3**
керамика – енгоба/глазура
2015, 42 x16 x 36 см

**WOMAN 3**
Ceramics – engobe/glaze
2015, 42 x 16 x 36 cm



**ЖЕНА МЕСЕЧИНА**
керамика – енгоба/глазура
2016, 35 x 23 x 9 см

**MOON WOMAN**
Ceramics – engobe/glaze
2016, 35 x 23 x 9 cm



**НИЕ СМЕ ДВЕ,КАКО ЕДНА**
керамика –енгоба/глазура
2016, 53 x 16 x 37.5 см

**WE ARE TWO, AS ONE**
Ceramics – engobe/glaze
2016, 53 x 16 x 37.5 cm



**ЖЕНА 5**
керамика – енгоба/глазура
2016, 50 x 16 x 35 см

**WOMAN 5**
Ceramics – engobe/glaze
2016, 50 x 16 x 35 cm



**ЖЕНАТА ОД СКОПЈЕ**
керамика – енгоба/глазура
2015, 33 x 16 x 40 см

**THE WOMAN FROM SKOPJE**
Ceramics – engobe/glaze
2015, 33 x 16 x 40 cm

Project1111_Layout 1 10/13/2016 9:13 PM Page 4




Октомври 2016 - Музеј на град Скопје, Изложба: „Пикасо, можеби јас?“
Издавач: Филип Фидановски
Текст: Ана Мартиноска
Фотографија: Жарко Иванов
Дизајн: Тони Васиќ & Creative Studio LineDESIGN
Превод на англиски јазик: Огнен Чемерски
Печати: Софија Богданци
Тираж: 500



**МАЛИОТ П-ЈАС**
керамика –енгоба/глазура
2015, 13.5 x 9.5 x 6 см

**LITTLE P-I**
Ceramics – engobe/glaze
2015, 13.5 x 9.5 x 6 cm

## ФИЛИП ФИДАНОВСКИ

Роден во Скопје 1977 година, Р.Македонија.
Дипломира во 2002 година на оделот за керамика и Магистрира во 2006 година на Националната академиуметничка академија во Софија , Р.Бугарија
Во периодот од 2003 -2008 година работи како доцент на Факултетот за ликовни уметности при универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија
Од 2008 година е професор во Државното средно училиште за ликовни уметности и дизајн „Лазар Личеноски“ во Скопје, Р. Македонија

Од 1995-2015 година учествува на 43 групни изложби во Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Белгија, Египет.
Учествува на голем број на уметнички симпозиуми во Македонија и странство.

**Награди**:

2000 Трета награда за млад автор на Петтото интернационално биенале за керамика, Каиро, Египет (Бронзена плакета)
2007 Награда за скулптура „ЈОРДАН ГРАБУЛ“ на ДЛУМ
2015 Награда за скулптура мал формат „ДИМО ТОДОРОВСКИ“ - ДЛУМ

**Самостојни изложби**

2002 Скопје, Музеј на Град Скопје, Фестивал Скопско лето, Р.Македонија
2004 Скопје, Културен центар Точка, Мулти медијален проект, Р.Македонија
2004 Скопје, Национална Галерија на Македонија,Чифте амам, (со В. Осојнички и К. Џидров), Фестивал Скопско лето, Р.Македонија
2006 Скопје, Музеј на Современата уметност, Р.Македонија
2007 Софија, Културно информативен центар на Р.Македонија во Р. Бугарија
2009 Кавадарци, градска галерија, Дом на културата Иван Мазов- Климе, Р.Македонија
2009 Велес, градска галерија, Музеј - завод на град Велес, Р.Македонија
2009 Тетово, уметничка галерија Тетово, Македонија
2009 Белград, 15-ТО БИЕНАЛЕ НА КЕРАМИКА БЕЛГРАД, (гостување со самостојна изложба) галерија КУЌА ЛЕГАТА, Белград,Р. Србија
2010 Скопје, Галерија 8, Скопје , Р.Македонија
2013 Скопје, Галерија „Лазар Личеноски“ при ДСУЛУД „Лазар Личеноски“ – Скопје, Р.Македонија.
2016 Скопје, Музеј на град Скопје, Р. Македонија.

## FILIP FIDANOVSKI

Born in Skopje, Macedonia in 1977.
Graduated in 2002 and got his MA in 2006 from the National Art Academy in Sofia, Bulgaria, Department of Ceramics.
In the period between 2003 and 2008 he worked as a Docent at the Faculty of Visual Arts, Ss Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia.
Since 2008 he has been teaching at the State Secondary School on Visual Arts and Design.

In the period between 1995 and 2015 he has participated at 43 group exhibitions in Macedonia, Serbia, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Belgium and Egypt.
He has participated at numerous art symposia in Macedonia and internationally.

**Awards**

2000 Third award for young artist at the Fifth International Biennale on Ceramics, Cairo, Egypt (Bronze plaque)
2007 ‘Jordan Grabul’ Award for Sculpture awarded by DLUM - Society of Visual Artists of Macedonia
2015 ‘Dimo Todorovski’ Award for Sculpture, small format, awarded by DLUM - Society of Visual Artists of Macedonia

**Individual exhibitions**

2002 Skopje, Museum of the City of Skopje, Skopje Summer Festival, Macedonia
2004 Skopje, Culture Centre Tochka, Multimedia project, Macedonia
2004 Skopje, Chifte Amam Macedonian National Gallery (with V. Osojnichki and K. Djidrov), Skopje Summer Festival, Macedonia
2006 Skopje, Museum of Contemporary Art, Macedonia
2007 Sofia, Culture and Information Centre of Macedonia in Bulgaria
2009 Kavadarci, City Gallery, ‘Ivan Mazov – Klime’ Cultural Centre, Macedonia
2009 Veles, City Gallery, Museum of the City of Veles, Macedonia
2009 Tetovo, Art Gallery Tetovo, Macedonia
2009 Belgrade, Fifteenth Ceramics Biennale Belgrade (guest individual exhibition), Gallery House Legata, Serbia
2010 Skopje, Gallery 8, Macedonia
2013 Skopje, ‘Lazar Lichenoski’ Gallery at the ‘Lazar Lichenoski’ State Secondary Visual Arts and Design School, Macedonia
2016 Skopje, Museum of the City of Skopje, Macedonia